Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 12-169/3
08.03.2024 год
Новаци

Општина Новаци, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
тел. 047203060; email: opstina@opstinanovaci.gov.mk; novacio@t.mk

# ОГЛАС

Општина Новаци објавува оглас за кандидати за обука за туристички водичи во рамките на проектот „Timeless Trail Tour“, финансиран од The Regional Rural Development Standing Working Group (SWG), а кофинансиран од Општина Новаци.

**Имплементатор на проектот:**
Општина Новаци

**Цели на проектот:**

Со имплементација на овој проект, 3 млади луѓе ќе бидат обучени и сертифицирани како туристички водичи од страна на Факултетот за Туризам во Скопје, што ќе додаде вредност на одржливоста, бидејќи тие ќе можат да заработат дополнително водејќи ги потенцијалните туристички групи во иднина. Тоа ќе влијае и на промоција на општина Новаци како атрактивна туристичка дестинација, што ќе влијае на развојот на локалната економија.

Исто така, со организирање на велосипедска тура ќе се обидеме да промовираме здрав начин на живот и користење на незагадувачки транспортни средства, што ќе придонесе за заштита на животната средина, но и за промена на навиките на луѓето од општината и регионот кога е во прашање изборот на средства за превоз.

**Времетраење на проектот:**

Проектот започнува со имплементација од 01.03.2024 и ќе заврши со реализација на велосипедската тура, која е предвидено да биде на 18.05.2024 година.

**Услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите:**

1. Да се жители на Општина Новаци
2. Да имаат завршено најмалку средно образование
3. Да познаваат најмалку еден странски јазик

Избраните лица ќе бидат ангажирани на денот на реализацијата на велосипедската тура т.е 18.05.2024 година и истите ќе ги водат учесниците низ однапред предвидената рута на движење односно предвидените туристики локации.

**Напомена:** Потребни се 3 кандидати за обука. Родовата застапеност ќе биде земена во предвид при избор на кандидатите. Добивањето на лиценцата ќе биде финансирано преку проектот од страна на Општина Новаци согласно предвидениот буџет на проектот.

**Документи кои треба да ги достават кандидатите:**

1. Пријава за учество соодветно потпишана
2. Изјава за согласност за користење и обработка на лични податоци соодветно потпишана
3. Кратка биографија (CV)
4. Доказ за завршено најмалку средно образование

Краен рок за доставување на документите е 15.03.2024 година. Истите може да се доставаат лично до Архива на Општина Новаци или скенирани на следната email адреса: opstina@opstinanovaci.gov.mk.

Напомена: Изборот го врши Комисија формирана за потребите на проектот и само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат повикани на интервју.

Избраните кандидатите ќе бидат известени од страна на Комисијата во рок од 3 дена.

Градоначалник:

Новаци: 08.03.2024

Стевче Стевановски